# Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации
## Образец за пријава на иницијативи

Назив на вашата организација:
Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина„Гоу Грин“

Адреса (улица, број, општина): ул. Кукушка 4а, 1000 Скопје

Електронска пошта (e-mail): Antonio@bidizelen.org

Телефонски број: 070 245 413

Лице за контакт (име и презиме, телефон и е-пошта): Антонио Јовановски

Веб страница на вашата организација: www.gogreen.mk

Наслов на вашата иницијатива:
Поддршка на микро и малите претпријатија за еколошко работење

На која од четирите компоненти се однесува вашата иницијатива?

**o Компонента 1. Мерки за директно справување со причините за загадување;**

o Компонента 2. Градење на јавната свест од предучилишна до пензионерска возраст;

o Компонента 3. Регулаторни промени, неопходни за транзиција кон енергетски систем со ниска емисија;

o Компонента 4. Имплементација на платформа за координација и следење на реализација на програмата;

Проблеми и потреби:
(Идентификувајте проблем поврзан со акцискиот план во склоп на програмата за борба против аерозагадување и образложете го. Максимум еден параграф)

Индустријата има значајно учество во директното загадување на воздухот. Микро и малите претпријатија се доминантни во македонската економија (99,8%[1]). Големата индустрија е полесно да се контролира од малата индустрија кои се во надлежност на локалните самоуправи. Во многу случаи микро и малите претпријатија поради недостаток на финансиски средства користат дрва, јаглен, мазут или други енергенси кои загадуваат (често и отпад). Да се лоцираат и да се санкционираат малите загадувачи е работа на инспекторатот и исплаќањето на казни во многу случаи може да значи и крај на малиот бизнис, со тоа губење и на вработени лица. Малите бизниси

[1] Стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023, страна 17

мораат да се поддржат во воведување на еколошки енергенси и практики бидејќи во раната фаза нивниот приоритет не е заштита на животната средина, туку што помали трошоци.

Објаснување на иницијативата:
(Објаснете ја вашата иницијатива, поврзана со акцискиот план во склоп на програмата во прилог, односно што е она кое вие го предлагате со оваа иницијатива и наведете ја надлежната институција која треба да ја спроведе. Максимум два параграфи.)

Иницијативата е во контекст на првата компонента „Мерки за директно справување со изворите на загадување". Целта е да се мапираат микро и малите претпријатија и да се анализира нивното работење и енергенси и да им се помогне во воведување на еколошки енергенси и подобрување на нивните практики.
Мапирањето може да биде на две нивоа, едно од пријавување на граѓаани за мали загадувачи, а друга преку општините кои имаат листа на сите фирми на нивна територија (заедно со нивните еколошки дозволи Б и елаборатите за животна средина). Може и заедно со инспекторатот да се консултира за да се идентификува кои се потенцијални фирми за санкционирање бидејќи загадуваат со нивната работа.
Штом се мапираат фирмите, ќе се направи посета, и со разговор ќе се направи план за поддршка на малото препријатие. Планот може да биде воведување на поеколошки енергенси за производство, или за греење, енергетска ефикасност на објектите и слично.
Малата индустрија, односно микро и малите препријатија, наместо да бидат санкционирани за нивното нееколошко работење, тие ќе бидат поддржани за да воведат еколошки енергенси и поеколошки деловни практики со кои нема да го загадуваат воздухот и локалното население.

Не е тајна дека во издавање на дозволи и административни процедури има корупција. Голем број од фирмите кои имаат добиено еколошки дозволи за работа, не вистински ги исполнуваат тие услови, а инспекторот кој треба да го провери тоа, прогледува низ прсти. Со оваа иницијатива и ќе се зголеми мониторингот врз еколошките дозволи Б (мали фирми) и ќе се намали корупцијата во процесот на издавање дозволи за работа.

Цели и очекувани резултати:
(Објаснете кои се целите што ќе се постигнат доколку се спроведе предложената иницијатива. Објаснете кои се посакуваните или очекуваните ефекти, односно што ќе се промени доколку се спроведе предложената иницијатива. Максимум еден параграф.)

Целта е јасна. Да се намали аерозагадувањето од микро и малите препријатија (примарна) и да се намали корупцијата во секторот на микро и мали претпријатија (секундарна).
Очекувани резултати би биле:

- Број на фирми кои ќе добијат поддршка од планот за чист воздух за воведување поеколошки енергенси и деловни практики кои ќе го намалат загадувањето на воздухот
- Намалување на корупцијата на релација општина – индустрија, бидејќи ќе се „прочешлаат" елаборатите за животна средина и издадените еколошки дозволи

Проценка на финансиски импликации и временска рамка:
(Наведете, јавни финансиски импликации за реализација на предложената иницијатива, т.е. проценка колку буџетски средства би биле потребни за да се спроведе Вашиот предлог. Претставете ја временската рамка на спроведување на иницијативата.)

Од оваа перспектива не може да се направи проценка бидејќи не се знае колку општин и фирми би се опфатиле и за каков вид на интервенции ќе станува збор. Може да се направи паушална бројка од 5000 евра по фирма за поддршка (пример).

Начелен план за мониторинг и евалуација:
(Објаснете како планирате да го следите и оцените спроведувањето на вашата иницијатива. Максимум еден параграф.)

Инспекторатот за животна средина и локалните самоуправи (општините) треба да се вклучат во оваа иницијатива и еколошки граѓански организации кои ќе бидат вклучено во работно тело за оваа иницијатива. Секој со своите надлежности, а граѓанската организација треба да има одреден надомест при имплементацијата, мониторингот и евалуацијата.

Допонително образложување на иницијативата кое не е опфатено со претходните прашања:
(Максимум 5 параграфи)

Прилози (опционално):
(Прикачете подетални информации за предметот, целите и позадината на предложената иницијатива, студии и анализи што ги сметате за релевантни, итн)

Во стратегијата за мали и средни претпријатија 2018-2023, на страна 28, стои:
„Владата ќе го поддржи развојот на МСП во рамките на зелената економија. Ова ќе вклучува реформи на националните политики, како и дизајнирање инструменти и услуги за поддршка за обезбедување стимулации и поддршка за „зелените МСП“ во рамките на пазарите што се поврзани со животната средина, како и за поддршка на усвојувањето еколошки прифатливи деловни практики. Ова, исто така, е во согласност со националната Индустриска политика, каде што една од клучните цели е поддршката на еколошки прифатливи производи и услуги“.